Лекција 14

## ХРИСТИЈАНСКИ БАПТИЗАМ

За време на овој Курс зборовите ´баптизира´ и баптизирање´ се појавија многу пати. Нема сомнеж дека баптизирање´ има важно место во Новиот Завет, и јасно е дека сите преобратени Христијани, како и Господ Исус Христос самиот, биле крстени.

*"Тие кои ја прифатиле неговата (од Петар) порака биле крстени, и тој ден околу три иљади биле додадени на нивниот број."* (Делата 2:41).

*"Но кога му поверуваа на Филип додека ја проповедаше **добрата вест за царството од Бог и името на Исус Христос** тие беа крстени, и мажи и жени"* (Делата 8:12).

*"... многу од Коринтјаните кои го слушнаа **поверуваа** и беа **крстени**"* (Делата 18:8).

### Верување и баптизирање´

Забележете дека верувањето доаѓа пред баптизирањето. Во Библијата нема ништо за баптизирање на деца, пракса која започнала многу подоцна од времето на Новиот Завет, и која е заснована на погрешното верување дека децата имаат бесмртни души. Пред некој да биде баптизиран мора да е способен да ја **разбере** *"добрата вест за царството од Господ и името на Исус Христос"*; и да **верува** во ветувањата од Бог. Да се има вера едноставно значи да се верува во тоа кое Бог го ветил, да се има доверба во зборот од Бог.

Таквата вера може да ги промени нашите животи, и првото нешто што мора да се случи е покајанието, што значи (1) дека ние признаваме дека сме оделе по нашиот пат, а не по патот од Бог, дека пред Бог ние не сме чисти, и имаме потреба да бидеме исчистени преку простување на нашите гревови; (2) да го напуштиме широкиот пат кој води во смрт, и да почнеме да одиме по тесниот пат кој води во живот (Матеј 7:13,14). За да се покаеме ние мора да разбереме што е грев, и ние мора да ги признаеме нашите гревови, нешто кое дете не може да го направи.

*"Ако ги признаеме нашите гревови, тој е верен и праведен и ќе ни ги прости нашите гревови и ќе нé исчисти од нашата неправедност"* (1Јован 1:9).

**Забелешка: Зборот од Бог.**

Библијата сама по себе е Збор инспириран од Бог, и содржи сé што е потребно за нашето спасение. Со тоа што е инспирирана, таа е без грешка, освен грешките кои се резултат на печатењето и преведувањето кои се појавуваат од време на време.

*"Во минатото, многу пати и на различни начини Бог им зборувал на нашите прататковци преку пророци, но во овие последни денови тој нѝ зборува преку неговиот Син . . .*(Евреите 1:1-2).

Исус самиот го знаел и верувал во Стариот Завет, кој бил неговата Библија , и неговите одговори на многуте прашања ги започнувал со зборовите, *"Не сте прочитале ли . . .?"* (Матеј 19:4). Зборот од Бог ја има моќта да ги менува нашите животи, но само ако ја читаме и ѝ веруваме на Библијата. Што повеќе читаме, толку повеќе постануваме убедени дека тоа е книга која не можела да биде напишана од човек, без помош од Бог. На пример во неа има пророштва понекогаш пишувани стотици, понекогаш иљадници години пред настаните да се случат. Повторно да кажеме, дека карактерот и животот на Исус не можеле да бидат измислени.

## Баптизам и потопување

Јасно дека во времето на раната црква, баптизирањето значело да се биде комплетно ставен под вода. Еден пример од ова може да биде виден во 8-та глава од Делата, кога Филип проповедникот бил подучен од ангел да го сретне *"Евнухот од Етиопија, многу важен државник кој бил задолжен за ризниците од Кандакија, кралицата на етиопјаните,"* кој *"седел во својата кочија читајќи ја книгата од Исаија пророкот."* (с.27,28).

Тој ја читал 53-та глава, која зборува за некој кој *"бил воден како овца на колење . . . ",* и Филип започнал да го подучува за *"добрата вест за Исус. Како што патувале долж патот, дошле да некоја вода и евнухот рекол, 'Види, еве вода. Зошто да не бидам крстен? . . . Тогаш и двајцата Филип и евнухот отишле во водата и Филип го крстил него."* (Делата 8:26-38).

Исус лично бил баптизиран во реката Јордан (Матеј 3:13-17). Забележете исто така дека подоцна, кога Јован Баптистот баптизирал, тоа го правел кај местото кое се вика Аенон (Енон), *"затоа што таму имало многу вода"* (Јован 3:23).

Сега мора да размислиме за подлабокото значење на баптизирањето. Затоа мора да се навратиме на 6-та глава од писмото до Римјаните. Третиот стих вели:

*". . . сите ние кои бевме крстени во Исус Христос бевме крстени во неговата смрт. На тој начин ние бевме погребани со него со крштевањето во смрт и како што Христос беше кренат од мртвите преку славата на Таткото, исто така и ние да можеме да живееме нов живот."*

Потопувањето, ( погребување во вода), е неопходно како симбол за смрт на нашиот стар живот, и излегувањето од водата е симбол на започнување на нов живот во Христос. Тоа исто така значи дека како што Христос бил кренат од мртвите во вечен живот, ние исто така имаме надеж да бидеме кренати од мртвите во вечен живот, кога тој ќе се врати.

*"Ако сме соединети со него во неговата смрт, ние исто така со сигурност ќе бидеме соединети со него во неговото воскресение"* (Римјаните 6:3).

Јасно е дека попрскувањето на челото на дете со неколку капки од вода го намалува основното значење на баптизмот, и ја уништува симболиката на тој акт. Со излегувањето надвор од водата, ние сме нови суштества во очите на Бог.

*"Затоа, ако некој е во Христос, тој е ново создание; стариот си заминал, новиот дошол!"* (2 Коринтјаните 5:17).

*"Јас бев распнат со Христос и Јас повеќе не живеам, туку Христос живее во мене. Животот што го живеам во телово го живеам со вера во Синот од Бог, кој ме сакаше и се даде себе си за мене"* (Галатјаните 2:20).

Затоа баптизмот е акт на соединување со Христос, и во неговата смрт и во неговото воскресение. Со ова соединување влегуваме во фамилијата од Бог, домаќинство на вера. Сега можеме да го викаме Бог наш Татко, и да му служиме како негови Синови и Ќерки. Помеѓу нас нема класни препреки, по боја или пол - ние сме "сите едно во Христос Исус" (Галатјаните 3:28). Преку баптизмот ние сме "во Христос", наследници на ветувањето дадено на Авраам. Се навраќаме повторно на овие зборови од Павле, претходно цитирани во лекцијата 11:

*"Вие сите сте синови од Бог преку верата во Христос Исус, затоа сите вие кои што бевте крстени во Христос се облековте со Христос. Нема ни Евреин ни Грк, ни роб ни слободен, ни машко ни женско, затоа што вие сите сте едно во Христос Исус. Ако му припаѓате на Христос, тогаш вие сте семето од Авраам, и наследници според ветувањето."* (Галатјаните 3:26-29).

Тогаш за сите нас останува прашањето, "Зошто да не бидам баптизиран?" Нека не застанува ништо на вашиот пат. Ако вие вистински верувате во *"добрата вест за Царството од Бог и името на Исус Христос"* (Делата 8:12), следете го патот кој води до сите благослови од тоа Царство.

## Заклучок

Христијанскиот баптизам е со потопување во вода, и мора да го следи верувањето во нештата кои се однесуваат на Царството од Бог и името на Исус Христос. Тоа е симбол на смрт и воскреснување, и следствено на баптизмот верниците започнуваат нов живот во фамилијата од Бог.

## Прашања

14.1 *"Браќа, што треба да направиме?"* Најди го и напиши го одгово- рот, кој е при крајот во Делата глава 2.

14.2 Најди ги и напиши ги стиховите во 10-та и 18-та глава во Делата, кои се однесуваат на баптизмот.